# КАРПОШ

# неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ · НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
4 - 10 Декември 2017 година, Број: 284

# БЕСПЛАТНИ ОЧНИ ПРЕГЛЕДИ ЗА ОСНОВЦИТЕ ВО КАРПОШ

Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев денеска го презентираше проектот за бесплатни прегледи на видот, за учениците до трето одделение во сите 10 основни училишта во Општината.
Овој проект на Општина Карпош е во соработка со Lions District 132 Club Македонија и USAID, партнерски организации кои на експлицитен начин ја покажуваат својата општествена одговорност и грижа за локалната заедница. Инаку, потребата од имплементација на ваков проект потекнува од грижата за нашите најмлади карпошани. Според она што го образложи градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, новото време носи нови технологии и иновации, чии консументи се младите кои се постојано пред компјутер, таблет, мобилен, телевизор и често се соочуваат со проблеми во видот.

- Се надевам дека со овој проект ќе успееме да го детектираме проблемот со појава на слабиот вид кај учениците уште во рана фаза, со што ќе може благовремено да се преземат конкретни мерки.
Преку овој проект сакаме да ја подигнеме јавната свест кај учениците, но и кај нивните родители за зголемена грижа за децата и правовремена посета на офталмолог, посочи Богоев.

Намерата е со унапредувањето на овој проект, секоја година да се опфаќаат што поголем број на ученици кои се постојано изложени на ризикот за оштетување на видот.
Давор Каракашев, од Lions Club Македонија посочи дека овие прегледи се спроведуваат со современи апарати кои за кратко време по прегледот ја востановуваат состојбата со видот и по потреба детето го упатуваат на очен лекар – офталмолог, за навремен третман на проблемите кои настануваат кај видот.





# НОВИТЕ ЕКО-НАСЕЛБИ ВО КАРПОШ НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

Општина Карпош ќе биде првата локална самоуправа која ќе го примени концептот за еко-населби на неколку локации во Злокуќани и во Бардовци. Овие мали еко-заедници, во кои се предвидува да живеат околу 9.600 жители, ќе користат обновливи извори на енергија, за разлика од досегашниот традиционален начин на затоплување кој функционира во државава.

Во таа насока, денеска, во хотелот „Турист“ – Скопје, во организација на Општина Карпош и Македонската секција на Меѓународниот центар за одржлив развој на енергетски, водни и околински системи (SDEWES), се одржа втората техничка обука во рамки на проектот – CoolHeating. Инаку, овој проект носи официјален наслов, „Продор на пазарот на мали модуларни системи за централно греење и ладење базирани на обновливи извори на енергија“ и има за цел да овозможи пренос на искуства и знаења од областа на проектирање и планирање на мали системи за централно греење и ладење, кои ќе користат обновливи извори на енергија.

Проектот треба да финишира кон крајот на 2018 година, а во меѓувреме ќе се развиваат стручните елаборати, студиите и техничките проекти, за реализација на овој комплексен систем. Еколошките населби ќе користат греење и ладење од т.н термални пумпи, кои работат на принципот „вода-вода“ и „земја-вода“, како и соларни колектори за топла вода.

На денешната обука беа опфатени три главни области: планирање на систем за производство на топлинска енергија, планирање на дистрибутивна мрежа и финансирање на проектите. Претставникот на данската фирма Plan Energi, Јакоб Ворм, говореше за предноста при користење на топлински пумпи и соларни термални колектори, како и за примена на ефикасна алатка за техничка и економска анализа на проектот за централно греење. Веднаш потоа, претставникот на реномираната германска компанија Rehau, Кристијан Мразек, на присутните им образложи подетално, на кој начин се поставува ефикасна мрежа за централно греење и производство на одржлива енергија.



Љубомир Илков од ICS Group, ја презентираше студијата на случајот за комплексот „Соравија“, која користи комбинирани системи за греење и ладење со термални пумпи и соларни колектори. Илија Саздовски, од германското федерално претпријатие за меѓународна соработка (GIZ), дискутираше на тема, национални механизми и модели на финансирање за поддршка на обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност.

Активностите од проектот CoolHeating се имплементираат во неколку целни заедници: Општина Карпош (Македонија), општините Високо (БиХ), Љутомер (Словенија), Шабац (Србија) и градот Озаљ од Хрватска. Земји - партнери на овој проект се Австрија, Германија и Данска, каде што веќе се применува концептот на обновливо централно греење и ладење.





# ФИНАНСИСКА ПОМОШ ЗА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ВО КАРПОШ

„Трансформација кон одржливо и еластично општество за сите" беше овогодинешното мото за Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби. Придружувајќи се кон него, Општина Карпош и оваа година додели еднократна парична помош од 4.000 денари на повеќе од 100 граѓани, лица со попреченост кои живеат на територија на Општина Карпош.

- Хуманоста и солидарноста треба да бидат наше секојдневие, а заложбата на Општината е грижа за овие лица 365 дена во годината. Само на тој начин ќе овозможиме подобри услови за лицата со попреченост и локална заедница која ги вклучува своите граѓани, потенцираше градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев.

На денешниот настан беа посочени дел од проблемите со кои се соочуваат овие наши сограѓани. Беше истакната потребата од еднаков пристап и подигнување на јавната свест, особено во училиштата и меѓу младите луѓе за проблемите на оваа категорија сограѓани. Потребно е да живееме "едни со други, а не еден покрај друг", изјави еден од присутните сограѓани на денешниот настан.

Градоначалникот Богоев истакна дека е потребна поголема поддршка и соработка со овие лица и граѓанските здруженија кои се борат за заштита на нивните права.

-Пристапните рампи и финанскиската помош се нешто што ќе продолжи да се реализира, но, треба да работиме и на одредени посуштински аспекти и на решавање на други проблеми од секојдневието на лицата за посебни потреби.

Меѓу приоритетите, ќе биде подготовка на сеопфатен регистар во кој ќе бидат наведени сите лица со попреченост во Општина Карпош. Сакаме да имаме вистинска слика за ситуацијата, и да подаваме рака кон сите граѓани, без дискриминација и селективност, изјави градоначалникот на Карпош

Овој хуманитарен настан се одржува по седми пат, а е во организација на Општина Карпош – Одделението за детска, здравствена и социјална заштита.





# ООУ„ПЕТАР ПОП АРСОВ“
# ЕСЕНСКИ ШАМПИОНКИ ВО ОДБОЈКА

Ученичките од ООУ“ Петар Поп Арсов“ завршија на првото место во есенскиот дел во одбојка за девојчиња, во рамки на спортската училишна лига на Карпош за 2017/2018 година. По одиграни седум кола со седум победи тие се есенски шампионки кои ќе се борат за „тронот“ и во пролетниот дел на лигата.



# ООУ „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“ ЕСЕНСКИ ПРВАЦИ ВО КОШАРКА

За првото место во кошарка во спортската училишна лига на Карпош за 2017/2018година, во есенскиот дел, се изборија учениците од ООУ“Димо Хаџи Димов“. По одиграни девет кола со девет победи,тие заслужено застанаа на врвот од ранг листата. Најдобар стрелец во карпошовата кошаркарска лига е Саве Манојловски (ООУ„Јан Амос Коменски“) со постигнати 179 поени.



# ООУ „ПЕТАР ПОП АРСОВ“ ЕСЕНСКИ ЛИДЕРИ ВО РАКОМЕТ

Ракометарите од ООУ“Петар Поп Арсов“ се есенските шампиони во училишната лига на Општина Карпош за 2017/2018 година. По одиграни седум кола, шест победи и еден нерешен резултат, тие влегуваат како фаворити во пролетниот дел од ракометната лига. Најдобар стрелец е Јован Фичорски (ООУ„ Петар Поп Арсов “) со постигнати 56 гола.



# ПРЕПОРАКИ ПРОТИВ ЗАГАДУВАЊЕТО

Врз основа на добиеното известување од Министерството за животна средина и просторно планирањена ден 06.11.2017 година, а во согласност со Заклучокот од 108-та седница на Владата на Република Македонија одржана на 25.12.2012 година, во случај на надминување на концентрацијата на ПМ10 честичките во воздухот во текот на пет последователни дена над 50 микрограми на кубен метар, градоначалникот на Општина Карпош ги објавува следниве препораки.

**Препораки до граѓаните:**
- возилата да не се користат без потреба;
- повеќе лица да се возат во едно возило;
- да се користи јавниот превоз;
- за затоплување на домовите да не се користат отпадни материјали, прегорено машинско масло, лакирани и обоени отпадоци од дрво, стиропор, ПЕТ амбалажа, гуми и каков било синтетички материјал;
- да се користи суво и чисто дрво без примеси од земја и од отпадоци;
- печките на дрво да се користат и одржуваат според упатствата на производителот;
- редовно да се чистат оџаците.

**Препораки за заштита на здравјето на луѓето:**
Практикувањето одредени работи во секојдневното однесување може да го зачува здравјето на луѓето и да придонесе за намалување на времетраењето на епизодата со високи концентрации на загадување:
- Избегнувајте користење автомобил, доколку е возможно, претпочитајте јавен превоз, со цел да се намалат емисиите на РМ10;
- Посебно доцна навечер или рано наутро кога концентрациите на РМ10 можат да го достигнат максималното ниво, препорачливо е да се избегнува долгорочна изложеност на отворено;
- Доколку луѓето имаат повеќе од еден систем за греење во домот, пожелно е да се избегнува употреба на цврсти горива во текот на критичниот период со зголемени концентрации на РМ10;
- Треба да се одложат сите активности на отворено, доколку не се итни.

**Препораки до институциите и правните субјекти:**
- да се зголемат инспекциските контроли на инсталациите во надлежност на МЖСПП и општините во градот Скопје;
- да се зголемат инспекциските контроли на субјектите кои управуваат со отпадни гуми и отпадни масла од страна на општинските инспекциски служби;
- да се зголемат и спроведат вонредни инспекциски контроли на градилиштата во надлежност на општините;
- да се спроведува зачестено чистење на улиците и пешачките површини во надлежност на општините во градот Скопје;
- доставата на стоки со возила да се извршува пред 7:30 или по 18 часот;
обуките на авто школите да се реализираат во период од 9:30 до 14:30 и по 18:00 часот;
- да се зајакнат вонредните контроли на МВР во однос на техничката исправност на возилата за кои се сомневаат дека имаат зголемени емисии на штетни гасови;

# ПОЕТСКИ ГРАНД ПРИ
# ЗА УЧЕНИЧКАТА МАРИЈА АНТОНИЕВА

МаријаАнтониеваод9-бодд.,подводствонаменторотм-рМатилдаБајкова, се закити со престижната награда ГРАНД ПРИ за поезија на литературниот конкурс кој го организираше библиотеката „Браќа Миладиновци“.

Вчера, ( 4.12.2017 година) во просториите на библиотеката „Браќа Миладиновци“- објект „Другарче“ на свечен начин беше одбележан Денот на „Свети Климент Охридски“, на кој настан беа доделени и овогодинешните награди на литературниот конкурс во кој учествуваа млади поети од целиот град,односно од сите училишта во градот, што ја прави наградата уште повредна добиена во исклучително силната конкуренција.

Целиот настан беше воден од ученици од драмската секција од ООУ „Вера Циривири – Трена“.










# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБЈЕКТОТ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА „БАРДОВЦИ“

Општина Карпош врши комплетна санација на просторот на месната заедница „Бардовци“ при што се работи на замена на прозорци, влезна и внатрешни врати, изведба на спуштен плафон, обнова на електрични инсталации, поставување на подови од ламинат и санација на санитарен јазол како и комплетно молеро-фарбарски работи во внатрешноста на месната заедница. Изведувач на работите е фирмата „Конструктор-ком“, а буџетот на локалната самоуправа овој зафат ќе го чини 314 илјади денари.



# ГОЛЕМО ЧИСТЕЊЕ ВО КАРПОШ

Денеска, четврток ( 07. декември) и сабота ( 09. декември), во Општина Карпош ќе се спроведе големата акција на чистење на Општината, која ја иницираше и е во соработка со Градот Скопје, и сите јавни претпријатија кои се под негова ингеренција.

Со севкупна механизација, и значителни човечки ресурси од Градот и Општината, на пет локации низ локалната самоуправа, ќе се расчистува шутот, т.н мини депонии, сметот и лисјата.

Станува збор за расчистување на локацијата позади етноресторанот „Македонска куќа“ ( кај контејнерите), под мостот Газела , од страната на населеното место Злокуќани, мостот кај вливот на Лепенец во Вардар, во Жданец, на ул. Теодосија Синаитски, каде што ќе се отстрануваат камења и шут, како и каналот за одвод на атмосферски води меѓу Трнодол и Жданец.

Во акцијата на чистење на Карпош ќе бидат вклучени ЈП „ Паркови и зеленило“, со шест специјализирани возила, кои ќе ни помогнат во транспортот на лисјата. ЈП „ Улици и патишта“, ќе работат на крпење на ударните дупки, како по големите градски улици, така на станбените и сервисните улици во Општина Карпош. ЈП „ Градски паркинзи“ ќе работи на расчистување на нивните паркиралишта на територија на Карпош, односно двете кај болницата „ 8 Септември“ ( поранешна Воена болница) и кај тенискиот клуб „ АБЦ“. ЈП „ Водовод и канализација“ ќе работат на расчистување на сливниците, а ќе помогнат и во транспортот на собраните лисја.

# НОВ ГУМЕН ПОД ВО СПОРТСКАТА САЛА ВО „КОМЕНСКИ“

Општина Карпош интензивно работи на замена на оштетен под во спортската сала во ООУ „Јан Амос Коменски“ со нов. Притоа се работи на поставување на армирано бетонска кошулка, хидроизолација по сите стандардни нормативи како и поставување на завршна гумена подлога од 8 мм дебелина на површина од 450m2 . Општината Карпош овој градежен зафат ќе ја чини 2.012.490 илјади денари, а изведувач на работите е фирмата „Мастеф”, која треба работите да ги заврши во рок од 60 дена.



# ОДВОДНУВАЊЕ И СЛИВНИЦИ ВО КАРПОШ4

Општина Карпош деновиве работи на решавање на одводнувањето, односно прифаќање на атмосферските води на паркингот во непосредна близина на старскиот дом „Елисавета“ и станбена зграда во Карпош 4.

Станува збор за изведба на т.н. попивателен бунар и два странични сливници. Изведбата ја врши МЗТ-ОЗТ „Пумпи“, а реализацијата ќе ја чини Општината околу 100.000 денари.



# ТРИ ПРОЧИСТУВАЧИ ЗА ВОЗДУХ ДОНИРАНИ ЗА ДЕЦАТА ВО КАРПОШ

Градинките „Мајски цвет" во Тафталиџе 2 и „Орце Николов" во Карпош 2 се првите две предучилишни установи во Општина Карпош на кои им се донирани јонизатори (прочистувачи на воздух), наменети за најмалата група деца-јасли. Донацијата на локалната самоуправа, денеска ја врачи градоначалникот Стефан Богоев кој нагласи дека дарувањето три прочистувачи на воздух во две градинки на територија на Општина Карпош ќе овозможи поздрава животна средина за дел од најмладите жители од Општината:

- Свесни сме дека со овие три прочистувачи на воздух не се опфатени сите градинки во Карпош, но барем за дел од дечињата ќе овозможиме почист воздух. Со домаќинско работање, во претстојниот период ќе се залагаме да овозможиме вакви јонизатори и во сите други градинки, рече Богоев.

Селекцијата на градинките во кои е дадена донацијата е врз основа на опфатот, бројката на деца во најмалите групи – јасли во овие градинки и приоритетната потреба од нив. Меѓу другото, во градинката „Орце Николов" во Карпош 2 неодамна се појави вирусот „коксаки" кој предизвикува здравствени проблеми кај децата.

Иако, во меѓувреме ситуацијата е стабилизирана, Советот на Општина Карпош, во насока на зголемена превенција и заштита на децата, одлучи еден од јонизаторите да биде дониран токму во градинката во Карпош 2.

При денешната посета на градинките, Богоев се запозна и со најчестите проблеми со кои се соочуваат вработените во овие установи за згрижување и нега на децата.

- Детската заштита мора да биде еден од врвните приоритети. Затоа ќе работиме на подобри услови, програми за социјализација и едукација на најмладите, замена на старите играчки со нови, изработени од еко материјали, а Општина Карпош и натаму ќе работи на унапредување на условите во кои претстојуваат најмладите карпошани, нагласи Богоев.



# ГОЛЕМО ЧИСТЕЊЕ ВО КАРПОШ

Денеска започна дводневната голема акција на чистење во Општина Карпош. Акцијата ќе се спроведе денеска и во сабота. Истата ја иницираше, и е во соработка со Градот Скопје, и сите јавни претпријатија кои се под негова ингеренција.

Со севкупна механизација, и значителни човечки ресурси од Градот и Општината, на пет локации низ локалната самоуправа, ќе се расчистува шутот, т.н мини депонии, сметот и лисјата.

Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев истакна дека со оваа акција значително ќе се исчисти ѓубрето од мини депониите кои се создадени на територијата на локалната самоуправа, од несовесни граѓани.

- Очекувам и во иднина, заедно со Градот Скопје и јавните претпријатија кои се под негова надлежност, да имаме координирана соработка со која ќе ја чистиме Општината, ќе работиме на санација на улиците, ќе засадуваме садници и дрвја . На пролет одново ќе има ваква нова сеопфатна акција, која се надевам ќе биде со уште поголем успех, потенцираше Богоев.

Станува збор за расчистување на локацијата позади етноресторанот „Македонска куќа“ ( кај контејнерите), под мостот Газела , од страната на населеното место Злокуќани, мостот кај вливот на Лепенец во Вардар, во Жданец, на ул. Теодосиј Синаитски, каде што ќе се отстрануваат камења и шут, како и каналот за одвод на атмосферски води меѓу Трнодол и Жданец.

Во акцијата на чистење на Карпош ќе се вклучат ЈП „ Паркови и зеленило“, со шест специјализирани возила, кои ќе помогнат во транспортот на лисјата. ЈП „ Улици и патишта“, ќе работат на крпење на ударните дупки, како по големите градски улици, така на станбените и сервисните улици во Општина Карпош. ЈП „ Градски паркинзи“ ќе работи на расчистување на нивните паркиралишта на територија на Карпош, односно двете кај болницата „ 8 Септември“ ( поранешна Воена болница) и кај тенискиот клуб „ АБЦ“. ЈП „ Водовод и канализација“ ќе работат на расчистување на сливниците, а ќе помогнат и во транспортот на собраните лисја.

